Почитувани,

Сојузот на математичарите организира селекција за Меѓународната Економска Олимпијада 2024 (IEO2024). Бордот на IEO, согледувајќи ја сериозноста и искуството на СММ во организација и спроведување на домашните и меѓународните натпревари, на СММ му ја довери задачата да селектира и испрати тим на IEO2024. Селекцијата на тимот за IEO2024 е од најдобро пласираните натпреварувачи на Македонската Економска Олимпијада (МЕО)

Тестирањето за квалификации на МЕО ќе се одржи **online** на **10.5.2024 година**. Квалификационите тестови ќе бидат составени од прашања и задачи во согласност со темите кои се обработуваат по предметите економија и математика (финансиска математика), од учебниците во средното образование.

Заинтересираните ученици, преку своите училишта и ментори, да се пријават за учество заклучно со **7.5.2024 година**, пополнувајќи го закачениот ексел документ и истиот да се испрати на e-mail адресата agacovska@gmail.com.

Поканети се сите средношколци, од средните економски училишта, но и од гимназиите во државава, важно е учениците да имаат познавања од економијата. Право на учество имаат и државните и приватните училишта.

Тестирањето за квалификации на МЕО, како и на МЕО ќе се спроведува на јазикот на кој се изведува наставата на учениците, но IEO се изведува исклучиво на англиски јазик. Доброто познавање на англискиот јазик е пресудно за успешен настап на меѓународната олимпијада.

Искористете ја шансата и пријавете се за учество. Тестот за квалификации и тестот за МЕО ќе бидат во формат од околу 20 прашања од основи на економија и потребниот математички апарат, меѓу кои прашања со избор, дополнување и кратки одговори на отворени прашања. Прашањата ќе бидат зададени во облик сличен на Multiple choice and open questions од самата IEO. Повеќе информации за IEO може да најдете на https://ecolymp.org/. На страната можат да се најдат и сите поранешни проблеми од натпреварувањата до сега.

Првопласираните 40тина ученици од тестирањето ќе се стекнат со право на учество на МЕО и подготовки за поуспешно претставување на државата на олимпијадата.

INTERNATIONAL
ECONOMICS
OLYMPIAD




Контакт со IEO и одговорно лице за МЕО:

Проф. д-р Анета Гацовска – Барандовска
agacovska@gmail.com

Ве очекуваме! Ваш СММ!